# 2 ГОДИНИ ПОСВЕТЕНО ЗА ПРИЛЕП

## ОТЧЕТ 2022-2023

Градоначалник
Борче Јовчески



Почитувани мои сограѓани,

Општина Прилеп за волја на вистината, се промени во изминатите две години од нашиот мандат. Во овие две години 2022 и 2023 и покрај енергетската и економската криза кои не смееме да ги заборавame како сериозна кочница во развојот на нашиот град, реализиравме многу проекти од витално значење за градот и населените места, кои произлегоа како предлог од граѓаните, граѓанските здруженија и проекти кои се укажаа како можност од различни извори на финансирање.
Како Локална самоупрва ја подобривме патната инфраструктура во градот и населените места, извршивме обнова и реконструкција на детски игралишта и спортски терени, се создадоа услови за почиста животна средина со редовно чистење на депониите и градежниот шут, речните корита, со редовно подигнување на сметот од граѓаните, чистење на коритото од градската река по поплавите, со ефикасното справување со пожарите, со грижата за младите, стимулации за поголема популација и поквалитетна едукација, со подобрување на условите за живеење на лицата од третата доба, со субвенционирање на бесплатен градски превоз, со институционална и вонистиуционална грижа, и многу други проекти поврзани

со општествено - културното живеење во Прилеп.
Точноста на зборовите се мери со содржината на секојдневието.
За две години работа на локалната самоуправа и со моето преземање на функцијата градоначалник на Општина Прилеп, инвестиравме над 50 милиони денари од Буџетот на Општина Прилеп во училиштата и ги поддржавме сите проекти кои основните и средните училишта ги реализираат, како во градот, така и во населените места, за поквалитетно образование и подобри услови за учење на нашите деца. Според потребите на училиштата, направени се реконструкции и рехабилитации на училници, ходници, тоалети, кабинети, канцеларии, спортските сали и спортските игралишта, исто така поставени се образовни помагала смарт табли, хортикултурно и партерно уредување на дворовите, набавени се компјутери, телевизори, извршени се адаптации на неискористени простории. Овие инфраструктурни уредувања и тековни активности кои ги реализираа училиштата за подобрување на условите за работа и одвивање на наставно - образовниот процес, се суштински важни за квалитетно образование во Општина Прилеп.
Ние тоа го направивме, и продолжуваме да го правиме во интерес на иднината, во интерес на нашите деца.
Рехабилитиравме и сме во завршна фаза на асфалтирање на вкупно 80.000м2 улици и патишта во вредност од 120.000.000 денари, за подобра патна инфраструктура во Општина

Прилеп затоа што без квалитетни патишта и улици нема добра комуникација. Во голем дел од тие улици во нашиот град се немало интервенирано повеќе од 30 години.
Во рамки на заштита на животната средина обезбедивме 90.000.000 денари за изградба на фабрика за рециклирање на отпад во општина Прилеп. Веќе во месец април започнуваме со изградба.
Исчистивме и над 12 000 метри кубни мешан комунален отпад и градежен шут од дивите депонии.
Исто така заедно со Советот на Општина Прилеп и ЈКП „Комуналец“ насадивме близу 5000 садници во околината на Прилеп,
набавивме специјално возило за транспорт на заловени бездомни кучиња и цистерна за перење и одржување на улиците.
За заштеда на водата и рационално користење преку Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ вложивме 7.000.000 денари и воведовме SCADA систем, со што добивме 24/часовен мониторинг на водоснабдувањето во Општина Прилеп; реконструиравме 2540 метри водоводна мрежа и изработивме нови канализациони мрежи.
За помош на родителите од оваа 2023/2024 учебна година, за прв пат, 664 првачиња од основните училишта од Општина Прилеп добиваат бесплатен оброк . За таа цел од буџетот на општината одвоивме 3 милиони и 800 илјади денари.

А наредната 2024/2025 бесплатен оброк ќе имаат плус и дечињата од второ одделение.
Исто така од оваа академска, 2023/2024 година, за 20 најдобри студенти и за социјално ранливи категории на студенти од Општина Прилеп, доделивме стипендија, на што сме посебно горди!
Доделивме преку изготвен правилник за прв пат финансиска поддршка и за наградени средношколци и основци кои учествувале на меѓународни и државни натпревари. 700 илјади денари беа доделени на 144 наградени ученици. Ги поттикнуваме да учат, да се надоградуваат и да впиваат нови знаења. Од оваа учебна година, наградени ќе бидат и наставниците во одделенска и предметна настава во основните и средните училишта и воспитувачи од ЈОУДГ „Наша иднина“ кои дале посебен придонес во едукативниот развој на децата. Воведовме бесплатен јавен градски превоз за пензионери со ниски примања, кој моментално го користат 1000 пензионери и го спроведуваме проектот „Помош и нега во домот“ за вонинституционално згрижување на лицата од третата доба, преку Центарот за развој и едукација, со што им се обезбедува квалитетна, професионална и достапна помош и поддршка од страна на обучените негователи на близу 150 семејства, преку помош и нега во нивниот дом.
Исто така во овие две години помогнавме со 2. 000 000 денари еднократна парична помош на околу 400 ранливи категории семејства, и

субвенционираме 800 граѓани за набавка на велосипеди, со што водиме грижа за здрава животна средина.
Вложивме 1.433.700 денари за набавка на ново возило за транспорт на храна за нашите најмали, дечињата кои се згрижени во детските градинки „Наша иднина“.
Наскоро ја отвораме и новата градинка во населбата „Точила“, за што сме особено горди, затоа што тоа е капитален проект, за волја на вистината само започнат од претходната власт. Се потрудивме максимално да се доизгради и да се корегираат сите недостатоци во проектот и да се исплатат досега веќе 80.000.000 денари, затоа што со моето преземање на функцијата, во градинката не беше исплатен ниту еден денар.
Ги подобривме условите за живот на ранливите категории граѓани со 2 проекти во Домот за стари лица „Киро Крстески-Платник“. Опрема за домот (кревети, масички, столици, плакари) во вредност од 5.000.000 денари и Поставување на фотоволтаици и систем за топла вода на Домот, проект во вредност од 7.000.000 денари.
Двата проекти се добиени преку Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион.
И покрај реализацијата на сите овие проекти се обидувавме и да ги вратиме претходно направените и наследени долгови.
Со одговорно и чесно работење, после две години локална власт, успеавме вкупно преземените обврски од 292.562.164 денари,

од крајот на 2021 год., до овој момент, да ги намалиме на само 47.085.000 денари! Едноставно кажано, нашата општина, која што со моето преземање на функцијата градоначалник имаше скоро 5 милиони евра долгови, истите сега изнесуваат нешто помалку од 800 илјади евра. Со добро менаџирање, штедевме и направивме подобра финасиска конструкција за квалитетен развој на Општина Прилеп. Особено е важна и поддршката на младите и промоцијата на спортот и културата , не само како наша обврска, туку и како наше огромно задоволство, за подигнување на здрава млада популација. Во таа насока, во овие две години, занчително го подобривме културното живеење во градот и придонесеме за поквалитетно спортско активирање на младите, со поддршка на многу спортски клубови и спортски настани и манифестации.
За поддршка на културните манифестации и настани во 2022/2023 издвоивме над 9.000.000 денари и покрај постоечките: Карневалот Прочка, Фестивалот на народни инструменти и песни Пеце Атанасоски, Мариовско-мегленски средби, Пиво фестот, градската слава Св.Никола, и многу други, ги воведовме и манифестациите „На Василица во Прилеп“ “Од нула до култура“ и „„Prilep OUTLET Weekend“ - манифестација од економски карактер за поддршка на прилепската чаршија, која ја посетија огромен број наши сограѓани како и гости од цела Македонија.

Во најдобар прогресивен дух, покажуваме  решителност да создаваме, работиме и креираме!
Прилеп со оваа локална власт е на вистинскиот пат, да реализира успешни и конкретни проекти, со кои ќе ги подобриме условите за живот во заедницата, како за сегашните, така и за идните генерации. Преку, взаемна соработка, почит, поддршка и многу работа, на пат сме да создадеме и оставиме дела кои ќе бидат општо корисни и вредни за паметење. Веруваме во нашата енергија, знаење и квалитетно и одговорно работење. Верувам, дека граѓаните на Прилеп знаат кој работи и кој ќе работи во нивни интерес и во наредниот период.

Со мојот интегритет како личност, со мојата работа , со лично залагање, со ентузијазам и со срце, ве уверувам дека ќе продолжам да работам за доброто на прилепчани и нема да отстапам од моите зацртани постулати:

- да бидам градоначалник, еднаков за сите!
- да создавам општина, со која сите ќе се гордееме!
- да креирам достоинствен живот за сите граѓани на Општина Прилеп!

Со почит,
Д-р Борче Јовчески
Градоначалник на Општина Прилеп

# ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

## Асфалтирање улици

Со цел да ја подобриме патната инфраструктура и да ги рехабилитираме улиците и патиштата на кои што не било интервенирано повеќе од 30 години, се насочивме на проектот за асфалтирање и рехабилитација на улици и патишта и сме во завршна фаза на асфалтирање на вкупно 80.000м2 улици и патишта во вредност од 120.000.000 денари.
Во периодот 2022 и 2023 година беа асфалтирани следниве улици:

- Мукос
- Козјак
- Пане Талески
- Митко Цветаноски
- Кирил и Методиј
- Круме Волнароски
- Пиринска
- Ладо Лапецот
- Кузман Јосифоски
- Браќа Влаховиќ
- Победа
- Димче Мирчески Бањарот
- Орде Тодороски Шемко
- Нане Наумоски
- Рајко Жинзифов
- Павел Шатев
- Панко Брашнаров
- Нада Ламеска
- Ѓоре Ѓорески
- Цена Оџоска
- Спасе Темелкоски
- Никола Вапцаров
- Ѓорѓи Ѓорѓиу Деж

# ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

## Асфалтирање улици

- Александар Македонски (крак)
- 11ти Октомври (крак)
- Пере Темелкоски
- Страшо Пинџур
- Тоде Крстески
- Димче Ацев
- Охридска
- Браќа Талески
- Пчиња
- Ѓорѓи Сугаре
- Ѓорче Петров
- Боца Иваноска
- Мечкин Камен
- 3ти Ноември
- Копарска
- Петар Поп-Арсов
- Задарска
- Цар Самоил ( влез на градот од Битола)
- Киро Базеркоски
- Републиканска
- Наум Наумоски Борче (дел)
- Браќа Ламески









# ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

## Асфалтирање улици









После повеќе од 40 години кракот на улицата „Цане Илиески” доби асфалт и жителите на оваа населба сега можат слободно и непречено да се движат до своите домови. Ова пробивање на нова улица, вклучува и комплетна подземна инфраструктура.



# ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

## Асфалтирање улици






# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАД „МЕТОДИЈА АНДОНОВ - ЧЕНТО“

## ПРЕД



Комплетна реконструкција на пешачката улица „Борка Талески“ која што е составен дел од плоштадот „Методија Андонов-Ченто“ со површина од 3500м2, вклучително и реконструкција на подземната инфраструктура.

## ПОТОА

Оваа инвестиција е во вредност од 25.000.000 денари.







# ИЗГРАДБА НА НОВ КРУЖЕН ТЕК

Изградба на нов кружен тек на вкрстување на улиците Кузман Јосифоски и Булевар Гоце Делчев.

Во централното градско подрачје потребен ни е слободен и брз проток на сообраќајот. Особено на оваа раскрсница кај Центарот за култура Марко Цепенков, што во моментов претставува „тесно грло“ и често сме сведоци на огромни колони, сообраќаен метеж и нефункционалност на вертикалната сигнализација. Со овој кружен тек го продолжуваме таканаречениот отворен сообраќај, низ центарот на градот и го ослободуваме и забрзуваме протокот на движење на сите учесници во сообраќајот.









Вкупната вредност на овој проект изнесува 5.408.954 денари и истиот е предвидено да заврши во месец април 2024.

# ДОИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО НАСЕЛБА ТОЧИЛА







Капитален проект кој што за волја на вистината само беше делумно започнат од претходната власт. Се потрудивме максимално за да се доизгради, да се корегираат сите недостатоци во проектот и да се исплатат досега веќе 80.000.000 денари, затоа што со моето преземање на функцијата, за градинката не беше исплатен ниту еден денар. Оваа детска градинка се простира на површина од 5000 метри квадратни и има капацитет за згрижување на 250 деца

# ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Реконструкции на водоводните мрежи

- Реконструкција на водоводна инсталација на ул.Александар Македонски во должина од 140м, дијаметар 63 (269.177ден.)
- Реконструкција на водоводна инсталација на ул. Киро Базерко во должина од 200м, дијаметар 63 (432.086ден.)
- Реконструкција на водоводна инсталација на ул. Трајко Николоски во должина од 200м, дијаметар 90 ( 5.000.000ден.)





# ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

## SCADA систем за надзор и регулација на водата во градот

Инвестиција на ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп за SCADA системот со што Општина Прилеп добива 24-часовен мониторинг на водоснабдувањето во градот. Оваа инвестиција е вредна 7.000.000 денари.






# ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Реконструкција на последните 809 метри на главниот водовод од месноста Пашоски ливади до собирната шахта во Прилеп  инвестиција од ЕЛС Општина Прилеп од 10.500.000 денари.





# ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

## Нови канализациони мрежи

- Ул.Александар Македонски (мебел Анита) изработена е атмосферска канализација во должина од 130м и профил Фи250 (505.755денари)

- Ул.Александар Македонски (Стадион) изработена е атмосферска канализација во должина од 100м и профил Фи160 (236.680 денари)

- Во текот на 2022 година извршена беше реконструкција на водоводна инсталација во должина од 1985 метри инвестиција од 4.299 347 денари

# ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

## Изградба на дел од водоснабдителен систем во Канатларци

- Со проектот за изградба на дел од водоснабдителен систем (водоводна мрежа и хидротехнички објекти во с. Канатларци го решаваме деценискиот проблем на жителите од ова село. Овој проект е во завршна фаза и за него се издвоени 18.000.000 денари од буџетот на Општина Прилеп.








# ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

## Капитални проекти

- Комплетирана техничка документација и издадено одобрение за градба и се обезбедија средства за проектот „Реконструкција на стари градски извори – Лековски Извори„ од програмата за распределба на средства согласно финансискиот договор за проект "Подобрување на водната инфраструктура на општините во РМ" ( Сл. Весник на РМ бр.166 од 04.018.2023 год.) - 1.046.024 евра
- Изработена комплетна техничка документација и издадено одобрение за градба за изградба на таложник на колекторски систем во ПСОВ Прилеп и обезбедени средства во склоп на Програмата за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа, кој ќе биде кофинансиран од страна на Општина Прилеп  (Изведбата ќе започне во 2024 година) - 8.250.147 денари
- Проект за зацевување на атмосферски канал на улица Александар Македонски – Општина Прилеп се издаде одобрение за градба и исто така се обезбедија средства преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2023 година  кофинансирање од Општина Прилеп. (Изведбата ќе започне во 2024 година.) - 10.000.000 денари

# ЧИСТЕЊЕ ДИВИ ДЕПОНИИ

- Исчистивме мешан комунален отпад и градежен шут
- Направивме генерално чистење на Дабнички канал
- Чистење на Оревоечка река кај Егејските згради
- Чистење на речно корито со градежна механизација
- Чистење на дивата депонија позади касарна „Мирче Ацев“







Во 2022/2023 година исчистивме и депониравме 12.000 м3 отпад.



# ОБНОВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ, ИГРАЛИШТА И СПОРТСКИ ТЕРЕНИ






- Целосно обновување на „Музички парк“ (1200 м2)
- Обновување на парковите во населбите: Точила, Петта Прилепска и Димо Наредникот
- Санација, поправка и пуштање во употреба на двете езерца во паркот на Могила, едно езерце во населба Точила и две езерца во населба Димо Наредникот
- Обновување на реквизити во мултинаменски парк со игралишта, комплекс „Вештачко Езеро“

# НАБАВКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОЛУПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ

Со цел модернизација и подобрување на процесот на селекција на отпад, во Прилеп поставивме полуподземни контејнери. Ние како Локална самоуправа заедно со ЈКП „Комуналец“ посветуваме големо внимание на чистотата на град Прилеп. Како доказ за тоа се овие контејнери, кои се поставени низ нашиот град.





# ОБРАЗОВАНИЕ

## Инвестиции во основните и средните училишта во општина Прилеп

Со цел да ги подобриме условите за работа во сите училишта во нашиот град и населените места и да изградиме поквалитетен образовен систем, во првите две години од нашиот мандат како Локална самоуправа од Буџетот на Општина Прилеп одвоивме над 50 милиони денари за инвестиции во сите основни и средни училишта во општина Прилеп.






# ОБРАЗОВАНИЕ

## Инвестиции во основните и средните училишта во општина Прилеп

Благодарение на беспрекорната соработка помеѓу Општината и директорите на училиштата, во рамките на овие инвестиции направени се реконструкции и рехабилитации на училниците, ходниците, тоалетите, кабинетите, канцелариите, спортските сали и спортските игралишта, исто така поставени се образовни помагала смарт табли, хортикултурно и партерно уредување на дворовите, набавени се компјутери, телевизори и извршени се адаптации на неискористени простории.







ООУ „Рампо Левката“ Прилеп

# ОБРАЗОВАНИЕ

## Инвестиции во основните и средните училишта во општина Прилеп

Овие инфраструктурни уредувања и тековни активности кои ги реализираа училиштата за подобрување на условите за работа и одвивање на наставно-образовниот процес, се суштински важни за квалитетно образование на нашите деца.
Децата и нивното образование остануваат наш приоритет.








ООУ „Кочо Рацин“ Прилеп

## ООУ „Климент Охридски“ Прилеп










## ООУ „Гоце Делчев“ Прилеп









# ООУ „Добре Јованоски“ Прилеп







# ООУ „Кире Гаврилоски - Јане“ Прилеп






# ООУ „Блаже Конески“ Прилеп






## ООУ „Кирил и Методиј“ с. Канатларци




## ООУ „Страшо Пинџур“ с. Мало Коњари




ООУ „Круме Волнароски“ с. Тополчани




ООМУ „Ордан Михајлоски-Оцка“ Прилеп




СОУ „Ристе Ристески - Ричко“ Прилеп




## СОУ „Орде Чопела“ Прилеп




## СОУ „Ѓорче Петров“ Прилеп




## СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ Прилеп




## СОУ „Кузман Јосифоски - Питу“ Прилеп






# МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СУБВЕНЦИИ

## Субвенции за новороденчиња

И оваа 2024 година продолжуваме со доделување на еднократна парична помош од 6.000 денари за секое новороденче во општина Прилеп!




За првпат започнавме со реализација на овој проект од 01.01.2022, врз основа на нашето дадено ветување во предизборната програма за што подоцна беше донесена и „Програма за доделување на еднократна парична помош за секое новородено дете“ која што беше изгласана во Советот на Општина Прилеп.

# МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СУБВЕНЦИИ

## Бесплатен оброк за сите првачиња во општина Прилеп

Од оваа 2023/2024 учебна година, за прв пат, 664 првачиња од основните училишта од Општина Прилеп добиваат бесплатен оброк . За таа цел од буџетот на општината издвоивме 3 милиони и 800 илјдаи денари, што претставува само еден сегмент како се обидуваме да им помогнеме на нашите сограѓани и за нашата посветеност во подобрувањето на целокупниот образовен систем во нашата општина. А за наредната учебна година бесплатен оброк ќе добиваат освен сите првачина и учениците од второ одделение. Во рамките на можностите ќе се потрудиме во наредните години со правилна стратегија да обезбедиме бесплатен училишен оброк за сите ученици.



# МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СУБВЕНЦИИ

## Стипендирање на студенти

Општина Прилеп и Економски факултет од Прилеп склучија меморандум за соработка,  а Советот на Општина Прилеп донесе Програма и Правилник за доделување стипендии на студенти од Општина Прилеп ,така што од академската 2023/2024 година за 20 најдобри студенти и за социјално ранливи категории на студенти од Општина Прилеп им доделуваме месечна стипендија. И ова е еден нов проект и нов начин на помош кон нашите млади интелектуалци и нивните семејства на што сме посебно горди!



# МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СУБВЕНЦИИ

## ЈОУДГ „Наша Иднина“ Прилеп

После повеќе од 10 години обезбедено е ново возило за транспорт на храна, за дечињата од ЈОУДГ „Наша иднина“ Прилеп!
Со ова возило, кое што е по сите стандарди ќе се подобрат значително условите и навремената испорака на оброците за сите 1320 дечиња сместени во 6 објекти на градинката.








# МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СУБВЕНЦИИ

## Субвенции за набавка велосипеди за здрава животна средина

Мерката за субвенции за покривање на дел од трошоците за набавка на велосипеди е во насока да им помогнеме се разбира на нашите сограѓани. Целта е да се користи велосипедот како превозно средство за заштита на животната средина, а и од економски аспект : да им се помогне на граѓаните да набават велосипеди како алтернативно превозно средство. За оваа Програма одвојуваме 2.000 000 (два милиони денари) годишно од Општинскиот буџет и доделуваме средства до 5000 денари за купен велосипед.

Мерката за две години ја искористија 800 наши сограѓани.



# МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СУБВЕНЦИИ

## Еднократна парична помош за ранливи категории граѓани

Изминатите 2022 и 2023 година од Општинскиот буџет одвоивме околу 2 милиони денари и за најранливите категории граѓани, за граѓани кои по разни основи имаат потреба од финансиска помош: за лекување на членови од семејството, за егзистенција, за купување на лекови и разни други основи.

За две години сме доделиле еднократна помош на повеќе од 400 семејства, а висината на средствата е различна, во зависност од барањето и според одлуката на Комисијата за Финансирање и Буџет при Советот на Општина Прилеп.



# МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СУБВЕНЦИИ

## Финансиска поддршка за наградени средношколци и основци

Општина Прилеп од својот Буџет за 2023 година, како финансиска помош додели преку вредносни ваучери, награди од 700 илјади денари  на 144 наградени ученици од државните и меѓународните натпревари ,  од сите основни и средни училишта од Општина Прилеп. За прв пат уредно со програма и правилник кои што беа изгласани од Советот на Општина Прилеп, нашите наградувани ученици добијаа парични ваучери чија што сума беше определена  од добиената награда за освоено прво, второ и трето место. И ова претставува еден мотив плус за сите наши ученици, за да знаат дека нивниот труд и успех се вреднува и се цени.



# МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СУБВЕНЦИИ

## Бесплатен јавен градски превоз за пензионери со ниски примања

Нашата улога е да се грижиме и за највозрасната категории граѓани во Општина Прилеп. Во таа насока во2023 година донесовме одлука на пензионерите со минимални примања (ниски пензии) во општина Прилеп да се воведе бесплатен јавен градски превоз. Според статистичките податоци, 65 % од пензионерите од нашата општина се во оваа категорија. Мерката ја користат околу 1000 пензионери кои доставиле барање за бесплатен градски првоз до ЈП за ПУП. Ги повикуваме и останатите да поднесат барање и да ја искористат оваа мерка, за анулирање на трошоците за превоз.



# МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СУБВЕНЦИИ

## Воинституционална грижа на стари лица во Општина Прилеп

За подобрување на социјалните услуги, за социјална заштита на лицата од третата доба кои живеат во својот дом, Општина Прилеп во 2023 година (заедно со „Центарот за развој и едукација“) и заедно со општините Кривогаштани и Долнени, го спроведуваме проектот за социјални услуги на локално ниво, „Помош и нега во дом“, фокусиран за помош и нега на стари лица во заедницата. За таа цел 40тина обучени негуватели, секојдневно имаат улога да помагаат на 80-тина семејства во вршење на лични услуги, помош при земање на медицинската терапија, готвење, купување продукти и лекови. Целта е старите лица да продолжат да живеат во сопствениот дом и да водат независен живот во заедницата.





# ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ

Со одговорно и чесно работење, после две години локална власт, успеавме вкупно преземените обврски од 292.562.164 денари, од крајот на 2021 год., до овој момент, да ги намалиме на само 47.085.000 денари,!
Едноставно кажано, нашата општина, која што со моето преземање на функцијата градоначалник имаше скоро 5 милиони евра долгови, истите сега изнесуваат нешто помалку од 800 илјади евра. Со добро менаџирање штедевме и направивме подобра финансиска конструкција за квалитетен развој на Општина Прилеп.



# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## Фабрика за рециклирање на отпад

Во рамки на заштита на животната средина оваа 2024 година започнуваме со реализација, односно изградба на Фабрика за рециклирање на отпад  во општина Прилеп. Обезбедени се 90.000.000 денари. Приоритет во реализирањето на овој проект е секундарната селекција на отпад, која значи многу во заштитата на животната средина, здравјето на населението, развојот на зелената економија, културата на живеење, но и почитувањето на законската регулатива во остварување на испорачаните таргети од ЕУ во однос на правилното третирање и управување на отпадот. Исто така со реализацијата на овој проект ќе се овозможат и други финансиски придобивки како и нови вработувања.



# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## Мултифункционално игралиште во ООУ „Добре Јованоски“ Прилеп

Плод на нашата соработка како Општина Прилеп заедно со ООУ „Добре Јованоски“ во проектот на УНДП, „Зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективна социо – економска интеграција на повратниците во Западен Балкан“, реализиравме „Реконструкција на отвореното спортско игралиште“ и „Дооформување на основното образование за возрасни“ во ООУ„Добре Јованоски“.





# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## Мултифункционално игралиште во ООУ „Добре Јованоски“ Прилеп

Придобивките од проектот се развивање на спортско – рекреативниот дух кај учениците од училиштето и заедницата, како и подобрување на воспитно образовниот процес за што навистина докажано водиме максимална грижа во изминативе две години, буквално во секое училиште во нашата општина.
Во однос на проектот за „Дооформување на основното образование за возрасни“ кој што беше избран за приоритет, сакам да посочам дека образованието е од исклучителна важност и клучен фактор за постигнување на подобар квалитет на живот и конкурентност на пазарот на трудот и обезбедување на основна материјална, социјална и економска сигурност.





# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## Инклузивно детско игралиште во паркот на Могилата на непобедените

Овој проект произлезе од сесиите на Форумите во заедницата преку проектот „Зајакнување на општинските совети-фаза 2“ каде што заедно со Советот на Општина Прилеп и учесниците на форумот заеднички одлучивме да му дадеме приоритет на предлог проектот „Изградба на инлузивно детско игралиште“ во општина Прилеп.

Вкупниот буџет за реализација на овој проект изнесуваше 3 милиони и 700 илјади денари. Од нив 72% се средства обезбедени од донаторот, а 28% се средства кои ќе ги обезбеди Општина Прилеп.





# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## Инклузивно детско игралиште во паркот на Могилата на непобедените

„Зајакнување на општинските совети“ ја финансираат Embassy of Switzerland in Macedonia, Швајцарската влада и Министерство за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува Програмата за развој на Обединетите нации UNDP MK во соработка со национални и локални партнери.





# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## Цистерна за перење на јавно-прометни површини и носење на вода

Преку проектот „Подобрено одржување на јавно прометните површини во град Прилеп“ кој го реализиравме како Општина Прилеп заедно со ЈКП „Комуналец“ обезбедивме специјално комунално возило, цистерна за перење на јавно прометни површини, за полевање и доставување на вода. Проект од Бирото за рамномерен регионален развој со висина од 5.999.120 денари.









# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## Ново возило за транспорт на бездомни кучиња

„Подобрување на ефикасноста за заловување на бездомните кучиња и поголема контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на општина Прилеп".

Ова е проектот на кој што преку Бирото за регионален развој го добивме ова транспортно возило и го предадовме на ЈКП „Комуналец".

Возилото многу ќе ја олесни работата на терен затоа што досега постоеше ограничен капацитет за превоз до Прифатилиштето на повеќе од едно заловено куче.

Ќе продолжиме да работиме кон решавање на овај горлив проблем за значително да го намалиме бројот на бездомни кучиња.






# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески - Платник“ Прилеп

Ги подобривме условите за живот на ранливите категории граѓани со 2 проекти во Домот за стари лица „Киро Крстески-Платник“. Обезбедивме опрема за домот(кревети, масички, столици, плакари) во вредност од 5.000.000 денари и Поставување на фотоволтаици и систем за топла вода на Домот, проект во вредност од 7.000.000 денари.
Двата проекти се добиени преку Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион.





# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## ТППЕ Прилеп

Нова висококвалитетна заштитна противпожарна опрема која што беше обезбедена преку Центарот за развој на пелагонискиот плански регион за Териториjалните противпожарни единици од петте општини од Пелагонискиот регион.

Обезбедивме нова секојдневна лична опрема и обувки за сите наши пожарникари се со цел безбедна и ефикасна противпожарна заштита на сите граѓани на Општина Прилеп.












# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## ТППЕ Прилеп

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување и UNDP, обезбедивме и донација на ново возило за гаснење на пожари на отворен простор, комплет спасувачки систем за стабилизирање и подигнување при елементарни непогоди (земјотреси) и комплексни сообраќајни незгоди, сет за спасување од поплави и четириколка за справување со пожари во недостапни предели.





# КУЛТУРА, ФЕСТИВАЛИ, СПОРТ

Исключително е важна и поддршката кон младите и промоцијата на спортот и културата , не само како наша обврска, туку и како наше огромно задоволство, за подигнување на здрава млада популација. Во таа насока, во овие две години, занчително го подобривме културното живеење во градот и придонесовме за поквалитетно спортско активирање на младите, со поддршка на многу спортски клубови и спортски настани и манифестации.












# КУЛТУРА, ФЕСТИВАЛИ, СПОРТ

За поддршка на културните манифестации и настани  во 2022/2023 година издвоивме над 9.000.000 денари и покрај постоечките: Карневалот Прочка, Фестивалот на народни инструменти и песни Пеце Атанасоски, Мариовско-мегленските средби, Фестивалот на медот, Фестивалот на пивото, Џез фестивалот, градската слава Св.Никола, воведовме и нови како манифестациите „На Василица во Прилеп“ „Фестивал на млекото“ “Од нула до култура“ и ,„Prilep OUTLET Weekend“ - манифестација од економски карактер за поддршка на прилепската чаршија,  која ја посетија  огромен број наши сограѓани како и гости од цела Македонија.



# КУЛТУРА, ФЕСТИВАЛИ, СПОРТ

## Карневал „Прочка“



## Prilep JAZZ Weekend



## „На Василица во Прилеп“



## Фестивал на пивото





### Фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“



# КУЛТУРА, ФЕСТИВАЛИ, СПОРТ

## Мариовско-мегленски средби



## МТФ „Војдан Чернодрински“



## „Че Трчаме“ Прилеп



## Турнир во мал фудбал „Св. Никола“



## Турнир во фудбал „Прилеп Куп“



## Меморијален турнир „Миле Нешкоски“



# ИДНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП за 2024 година

## Изградба на кружен тек на вкрстување на улиците Александар Македонски и Димо Наредникот.



## Изградба на кружен тек на вкрстување на улиците Прилепски бранители и бул. Гоце Делчев.



Со изградбата на овие 2 нови кружни текови го продолжуваме таканаречениот отворен сообраќај низ центарот на градот и го ослободуваме и забрзуваме протокот на движење на сите учесници во сообраќајот, а со катната гаража го зголемуваме бројот на паркинг места во центарот на градот што е од особена важност за централното градско јадро.

## Изградба на модуларна катна гаража во центарот на градот. (на паркинг просторот позади „Леоне“)



# ИДНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП за 2024 година

- Изградба на нова училишна спортска сала во ООУ „Блаже Конески“
- Со цел да создадеме погодни услови за унапредување на бизнисот, развој на економијата во нашата Општина и зголемување на интересот за вложување во Индустриските зони, оваа година имаме обезбедено средства за изградба и доизградба на улици во индустриската зона Металец и во индустриската зона наспроти Жито Прилеп.







# 2 ГОДИНИ ПОСВЕТЕНО ЗА ПРИЛЕП

ОТЧЕТ 2022-2023